ЗАЕДНО ЗА КЛИМАТСКА АКЦИЈА

Еко свест

**Инфо билтен – јануари 2023**



**Повици**

Локалната канцеларија Еко-свест во Вевчани објави повик за нови членови кои сакаат да се приклучат кон нашата организација. Шалтерот е отворен без краен рок.

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Подготвивме анализа од областа на управувањето и одржливото користење на шумите како водич на националното законодавство за граѓанскиот сектор, Информациите и препораките од анализата би требало да ги подобрат капацитетите на граѓанските организации за застапување и следење на правните процеси поврзани со оваа област.

Ако анализата ви се чини многу детална, погледнете го инфографикот кој е подготвен од информациите во Анализата од областа на управување и одржливо користење на шумите.

Ако ви требааат уште информации на оваа тема, прочитајте што пишува во Стратегијата за шуми на ЕУ до 2030 година, подготвена во јули 2021 година.

Sweden Sverige

Проектот “Граѓанските организации во акција за климатските промени” е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП

CNVP Building a Greener Economic Environment

**Заштита на природа**

Бернската конвенција при Советот на Европа во декември побара од нашата Влада да ги раскине концесиите за малите хидроелектрани во НП Маврово и да се забрза процесот на репрогласување на паркот.

Во декември 2022 година, на последниот COP15 на Конвенцијата за биолошка разновидност на ООН што се одржа во Монтреал, светот покажа силна заложба за природата. Речиси 200 земји од светот потпишаа историска спогодба преку усвојување на Глобална рамка за биолошка разновидност во која се предвидува обновување на 30% од копнените, слатководните и морските екосистеми на планетата Земја до 2030 година.

На 28 декември Еко-свест го објави својот Предлог Патоказ за заштита на природата кој има за цел да помогне во остварување на националните цели за заштита на природата. Мерките се поделени во три области кои предвидуваат зајакнати институции, одржливо управување на заштитените подрачја и соодветно долгорочно финансирање на заштитата на природата.

**Енергија**

Најновата Анализа на алтернативи на централното греење базирано на јаглен во Битолскиот Регион открива дека поврзување на инвертер клима уреди со соларни панели е најефикасниот и најисплатливиот начин за загревање на домаќинствата. Ако домаќинствата формираат енергетски заедници, не само што ќе си ги намалат трошоците за инвестиција, туку би можеле и да генерираат дополнителен приход, покажува студијата.

Заедно со истражувачки тим од МАНУ подготвивме анализа за користење на рудници и други соодветни локации за изградба на соларни и ветерни електрани во Македонија со соодветна правна и финансиска анализа.

Доколку изборот на локации и начинот на развој на капацитетите за искористување на обновливите извори на енергија не се внимателно испланирани, решенијата можат да бидат штетни и да направат значаен притисок врз природните ресурси на Македонија. Дознајте повеќе во истражувањето на можностите за енергетски решенија со најниско негативно влијание врз животната средина.

**Разно**

На почетокот на своето претседателство со Советот на ЕУ овој месец, Шведската влада ги презентираше приоритетите, кои вклучуваат амбициозни климатски цели и енергетска транзиција.

Ако ве бунат сите термини и комплицирани називи кои се користат кога се зборува и пишува за климатските промени, имајте го при рака овој речник на најважни термини подготвен од МЖСПП.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Дајте си малку време за наука. Дознајте повеќе за тоа што е „праведна транзиција" преку оваа анализа на праведни енергетски транзиции во урбани средини на светско ниво.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.